ПОВИК ЗА УПИС ВО РЕГИСТАР

НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Општина Карпош ги повикува сите правни субјекти и физички лица кои вршат угостителска дејност на територија на општината, а кои сеуште не доставиле Барање за упис во регистарот, да го сторат тоа во најскоро време.

За упис во регистарот на правни субјекти покрај **„Барањето за упис во регистарот на субјекти кои вршат угостителска дејност“** треба да бидат приложени и следните документи:

-пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално - технички услов

-доказ за сопственост доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби

-доказ за сопственост, или доказ за правото на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани

-доказ за платена административна такса во износ од 50 денари

За упис во регистарот на физички лица покрај **„Барањето за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност“** да се приложат следните документи:

-доказ за платена административна такса од 50 денари

-доказ за сопственост.

**Напомена:** Куќите, апартманите и собите за одмор во кои се вршат угостителски услуги на сместување се категоризираат од страна на општината, а во градот Скопје од страна на градоначалникот на Град Скопје.

Правниот субјект или физичкото лице исто така треба да поднесат **„Пријава за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време“.**

Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош со назнака „За упис во регистар“.

За повеќе информации можете да се обратите на телефон:

Или на емаил: